РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОНЧЕ
Бр. 09-974/3
29.06.2023 год.
КОНЧЕ

Друштво за транспорт и трговија
ГЕОРГИНА ДООЕЛ
Бр. 09/23
29.06.2023 год
с.Дедино Конче

# Договор

## За набавка на огревно дрво за потребите на Општина - Конче

Склучен помеѓу договорните страни:

1.Општина Конче, Конче со ЕМБС: 6022995, застапувана од Градоначалникот Златко Ристов (во натамошниот текст: Нарачател на стоките)

и

2.Друштво за транспорт и трговија ГЕОРГИНА ДООЕЛ с.Дедино Конче, ЕМБС 5630436, застапувано од управителот Тони Андонов.

Член 1

Со овој Договор се уредуваат правата и обврските помеѓу Општина Конче од една страна како договорен орган и **Друштво за транспорт и трговија ГЕОРГИНА ДООЕЛ с.Дедино Конче** од друга страна како носител на набавката, а кои произлегуват од склучувањето на овој договор за набавка на огревно дрво. Договорот се склучува врз основа на извештај од спроведена постапка, Огласот за доделување на договор за јавна набавка 10200/2023 објавен на веб страницата на Бирото за јавни набавки и Одлуката за избор на најповолна понуда со број 09-974/2 од 13.06.2023 донесена од одговорното лице на договорниот орган.

Член 2

Предмет на овој договор е набавка на 40 м3 огревно дрво даб, (опсег на дијаметар 7-16 см) I/II степен на квалитет за потребите на Општина Конче.
**Предметот на договорот опфака набавка, транспорт и растовар на огревното дрво.**

Член 3

Вредноста на предметот на договорот изнесува 242.400,00 денари без пресметан ДДВ, ДДВ изнесува 43.632,00 денари, а вкупната вредност на договорот со вклучен ддв изнесува **286.032,00** денари.

Член 4

Испорачателот е должен испораката на стоката да ја изврши во рок од 3 дена по нарачката од набавувачот.
Испорака на стоката се смета за извршена со потпишувањето на испратница од овластеното лице на набавувачот и овластеното лице на испорачателот, или со издавање на потврда за прием на стоката на испорачателот.

Член 5

Испорачателот се обврзува стоката да ја испорачува со испратница, која ја потпишуваат овластено лице на набавувачот и овластено лице на испорачателот и по испораката да достави фактура кон која ќе биде приложен примерок од испратницата.

Фактурата треба да ги содржи следните елементи:

- Име на испорачателот, место, седиште, даночен број, сметка на која треба да се исплати договорената цена;
- Име на набавувачот;
- Број и датум на Договорот;
- Количини со опис на стоката,
- Единечни договорни цени;
- Вкупна цена на фактурата со пресметка на ДДВ;
- Валута на плакање.

Член 6

Набавувачот се обврзува плакањето на испорачателот да го врши вирмански со доставување на фактура по извршената испорака, во рок од минимум 30 дена по доставување на истата на сметка на испорачателот наведена во фактурата.

Член 7

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со мегусебно договарање.

Доколку тоа не даде обострано прифатливо решение сите евентуални спорови ќе ги решава стварно и месно надлежниот суд.

Член 8

За се што не е регулирано со овој договор ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во Република Македонија.

Член 9

Измени и дополнувања на овој договор може да се врши со претходна согласност на договорните страни со Анекс договор.

Договорот може да се менува со Анекс договор само во согласност со одредбите на Законот за јавни набавки и тендерската документација.

Член 10

Овој договор стапува во сила со денот на потпишувањето од двете договорни страни, а ќе трае 6 (шест) месеци.

Член 11

Овој договор е составен во четири примероци, од кои по два за секоја договорна страна.

Прилог:

-Понуда од **Друштво за транспорт и трговија ГЕОРГИНА ДООЕЛ с.Дедино Конче.**

| Нарачувач | Носител на набавката |
|---|---|
| Општина Конче | ДТТ ГЕОРГИНА ДООЕЛ С.Дедино |
| Градоначалник | Управител |
| Златко Вистов | Тони Андонов |

**Прилог 1 – Образец на понуда**

Врз основа на огласот објавен од страна на Општина Конче, со адреса 2424 Конче, за доделување на договор за јавна набавка на **стоки-дабово огревно дрво** со спроведување на постапка со објавување на оглас за набавка од мала вредност, **со електронска аукција преку** Електронскиот систем за јавни набавки (https://www.e-nabavki.gov.mk) и на тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

**ПОНУДА**

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1.Име на понудувачот: ДООЕЛ ГЕОРГИНА

I.2. Контакт информации

- Адреса: с. Дедино Конче
- Телефон: 070-347-072
- Факс:
- Е-пошта: georgina-dool@yahoo.com
- Лице за контакт: Тони Андонов

I.3. Одговорно лице: Тони Андонов

I.4. Даночен број: 4023002112170

I.5. Матичен број: 5630436

I.6. Депонентна банка: НЛБ банка

**Дел II - Техничка понуда**

II.1.Согласни сме да ги испорачаме следниве стоки: **набавка на дабово огревно дрво за потребите на Општина Конче, за грејната 2023/2024 сезона**

| Р.бр | Опис | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ | ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 1 | Огревно дрво даб (опсег на дијаметар од 7-16 cm) I/II степен на квалитет | m 3 | 40 | 6.060,- | 242.400,- | 43.632,- |
| | | | | Вкупна цена | 242.400,- | 43.632,- |

## Дел III – Финансиска понуда

III.1. Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: 242.400,00 *[со бројки]* (Двеста четириесет и две илјади и четиристотини денари) *[со букви]* денари.
Вкупниот износ на ДДВ изнесува 43.632,00

III.3. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

III. 4. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

Место и датум
[illegible] 8.6.2023

Одговорно лице*
Toni Andonov Digitally signed by Toni Andonov Date: 2023.06.08 12:10:24 +02'00'
(потпис)

*Образецот на понудата може да биде потпишан и од лице овластено од одговорното лице